ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:13-58/3

Дата:23.01.2017

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид за 2015 година на сметката „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1 Мобилност на студенти и наставен кадар на универзитети“ (785-46).

За финансиските извештаи за 2015 година на сметката „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1 Мобилност на студенти и наставен кадар на универзитети“ (785-46) на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а поволно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на сметката „ ЕРАЗМУС + Клучна акција 1 Мобилност на студенти и наставен кадар на универзитети “ (785-46) , кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Проф. д-р Нинослав Марина - ректор од 01.09.2012 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.07.2016 – 30.09.2016 година кај Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид на сметката „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1 Мобилност на студенти и наставен кадар на универзитети“ (785-46) на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид на сметката „ЕРАЗМУС + Клучна акција 1 Мобилност на студенти и наставен кадар на универзитети“ (785-46), во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ - ОХРИД

**Сметка на буџет на донации - ЕРАЗМУС + (785-46)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1** | | |
| Трансфери и донации | 3.1.2 | 2.421 | 2.421 |
| **Вкупно приходи** | | **2.421** | **2.421** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 241 | 0 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2 | 804 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.045** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **1.045** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3 | 1.376 | **2.421** |

**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВ. АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ - ОХРИД**

**Сметка на буџет на донации - ЕРАЗМУС + (785-46)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2015 | | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 1.376 | | 2.421 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.376** | | **2.421** |
| **Вкупна актива** | | **1.376** | | **2.421** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | **4.2** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 1.376 | | 2.421 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.376** | | **2.421** |
| **Вкупна пасива** | | **1.376** | | **2.421** |